blog.com.mk сакам блог On.net

# Axis Mundi

6 Октомври, 2008 - 18:08

## Република Скопје

По кражбата на манаки од Битола, се најавува уште една "кражба"- изградбата на Македонското село во Горно Нерези, близу Пантелејмон.

Моделот на Македонското село ќе биде по урнек на она шпанското во Барселона чие име (иронично) кај нас НИКОГАШ не се употребува во позитивен контекст. Изградено за потребите на Светската изложба во 1929 "шпанското село" е поим за хаос, невкус и кич. За иронијата да биде уште поголема, едно од светските ремек-дела на модерната архитектурата е изградено истата таа 29та. Симптоматично е како власта селективно се осврнува на историјата....


Barcelona pavillion
Ludwig Mies van der Rohe, 1929

"концептот на градење на виртуелни села е напуштен пред 20 години, зошто **го означува поразот на државата во заштитата на културното наследство**" (проф. Михаил Токарев за Порта 3) Како во нашата држава ќе се промовира селскиот туризам после македонското село? Како ќе се ревитализираат македонските села ако во Скопје се направи проект, кој директно ќе ја деградира македонската традиционална архитектура а индиректно, целата земја? Зошто самите го разнебитуваме она што (сеуште) го имаме? Како Скопје ќе има воздух за дишење ако владата го сече зелениот појас за да си прави кич село?

Да не се лажеме, тоа нема да биде музеј на отворено. Тоа ќе биде најобичен забавен парк, кој ќе ги редуцира вредностите на традицијата до степен на потрошен материјал и забава. Површност и тривиализација пар екселанс!

Погледнете го само Лас Вегас. Споменици на културата извадени од целиот свет, плеснати во пустина единствено за забава на redneck-white trash-trailer park Америка. Таргет групата на ваквите места обично се луѓе на кои не им е гајле за местото кое го посетуваат. Оние што навистина сакаат да се запознаат со една култура и традиција, најчесто ги одбегнуваат ваквите места од едноставна причина што на тие места културата редовно изостанува.

"... вториот ден по земјотресот, кога дојде Циборовски рече: зошто сакате од Скопје да правите велеград, кога цела Македонија е еден град. Еден друг странец, пак, рече дека нам не ни треба влада и парламент, туку градоначалник на цела Македонија. Тоа мегаломанство и концентрација во Скопје на се што ветува заработка го осиромаши останатиот дел на Македонија. Затоа Скопје има многу негативни работи..... Денеска сите големи градови сакаат да се ослободат од таквите притисоци, прават сателитски градови. Лондон веќе не е најголем град во светот, туку Мексико. Само во примитивните средини сè се концентрира во еден град."(проф. Борис Чипан за Порта 3)

Гледајќи долгорочно (читај:мандат) подобрувањето на инфраструктурата до сите значајни локации во земјава е долг и неисплатлив процес по однос на политичкиот рејтинг. Градењето на забавен парк е поефтина варијанта која ќе биде одличен повод за добро увежбаните говори со клучните зборови: традиција, идентитет, минато и сл. на кои се "пали" мнозинството.

Во Музејот на Македонија веќе постојат макети на традиционалните македонски куќи како и реконструирани сцени од типични македонски ентериери. Музејот на Македонија пропаѓа, заедно со редовната поставка. Навистина не знам зошто власта го турка овој предлог, освен уште еднаш да покаже дека се труди да не врати барем 80 години назад. Можеби тоа е лукава стратегија за спорот со името. Откако ќе се претури Охридското езеро во некоја осветена дупка некаде во Центар, единственото логично име за нашата држава останува да биде Република Скопје.

Voila!! Решен проблем!

додај нов коментар | за печатење | прати по e-mail | 161 пати прочитано | трекбек url #

Јас сум n00бер што се тиче архитектура, ама мислам дека најдобро решение би било таа средновековна (постоечка) архитектура да се искомбинира со футуристичките идеали на Танге. Сеа прв пат зирнав некои слики од предложениот план и ми се допадна тоа Порта на Светот/Градот/Како и да се Вика. Бар мене лично ми изгледа доста убаво ако...на пример, околу пашиниот амам имаш некоја минималистичка, зен градина а во позадина се издигаат big chunks of

14 Април, 2009 - 07:24

### ArchiTechTone



### Блог инфо

Адреса на блогот:
axismundi.blog.com.mk
Име на блогот:
Axis Mundi

### Корисник

Приватни пораки:
пријави се или зачлени се за да пратиш приватна порака до овој корисник
Член веќе:
33 недели 5 дена

### Лични информации

E-mail (јавен):
fiparch@yahoo.com
Вистинско име:
Филип
Локација:
Скопје, Македонија
Пол:
машки

### За мене:

Last FM
Flickr
Deviant Art

### Пријатели

КНСИС
Розета
В.О.Л. Клуб
проф. Ванковска

### Претходни записи

Антикорупциска ... (4)
Каде е 8ми Септ... (8)
Џабе ни е (7)
Ментални инвалиди (4)
"Љуби го тирани... (5)

### Последни коментари

САКАМ ЦРКВА В... - кнсис
САКАМ ЦРКВА В... - Бунка
САКАМ ЦРКВА В... - ArchiTechTone
САКАМ ЦРКВА В... - ArchiTechTone
САКАМ ЦРКВА В... - Бунка
САКАМ ЦРКВА В... - ArchiTechTone
САКАМ ЦРКВА В... - istoчна
САКАМ ЦРКВА В... -

Иначе, да, се согласувам за масовната централизација на културата во Скопје. Имаш градови во Македонија (еве Струмива на пример) што воопшто не постои никаков, ама баш никаков културен настан и се што е бар малце поразлично од понудениот модел се смета како девиација и мора да биде оттргнато. Од друга страна пак, се' бидува натрупано во Скопје, што им даваш на faux-капиталистички настроени bigwigs да злоупотребуваат концепти како "идентитет" само да си го наполнат џебот, а кој ја ебе културата во Скопје (па и пошироко), важно Аце е наш.

(Kyril 4 Ноември, 2008 - 15:52 | одговори)

Сме го збореле ова и покрај тоа што аргуентиве ти држат, јас си останувам на моето - За македонско село, од проста причина што многу ми се допадна шпанското село ( патем мислам дека е од постар датум, ама не сум сигурен ).

Но!

Знаејќи како завршија сите проекти на оваа влада, сигурен сум дека и од овој проект нема да излезе ништо добро, туку невидена грдотија и кич, и сметам дека проектот треба да причека некои подобри времиња.

(кнсис 6 Јануари, 2009 - 15:07 | одговори)

Република Скопје - Kyril
Антикорупциска ... - ArchiTechTone
Антикорупциска ... - LupcoBocvarov
Антикорупциска ... - ArchiTechTone
Антикорупциска ... - Lambdaphage
Џабе ни е - Ajax